# Најдобри пракси за заштита на информации

Ви препорачуваме да се придржувате до следниве најдобри пракси за заштита на информациите за да се обезбеди прифатливо ниво на безбедност на услугите на Банката и во сите други случаеви за заштита на вашите лични податоци

- Бидете внимателни при добивање на телефоски повици, добивање на е-меил пораки и посети каде се бараат од вас доверливи информации како што се информациите за најавување на информациски системи, лични податоци, платежни картици, ПИН кодови и др. Доколку не сте сигурни во легитимноста на е-меил пораката ве замолуваме за потврда да ја контактирате Банката
- Да не се откриваат доверливи информации во е-меил пораки или да не се одговара на е-меил пораки кои од вас бараат доверливи информации вклучувајќи ги линковите кои се во е-меил пораките. Банката никогаш не бара податоци за клиентите преку е-меил комуникација.
- Секогаш внимавајте на полето каде што се внесува адресата на веб сајтот. Злонамерните веб сајтови можат да изгледаат идентични како и легитимниот веб сајт но во полето каде што се внесува веб сајт адресата може да има варијација на вистинската или пак друга веб адреса (пример .org, .net,…)
- При користење на сервисот за електронско банкарство на Банката проверете ја сигурноста на веб сајтот (Доказот за идентитетот на веб сајтот може да го проверите доколку кликнете на иконата за дигиталниот сертификат десно од полето каде се внесува адресата на веб сајтот и проверете кој го издал дигиалниот сертификатот од системот, на кого е издаден, дата на истекување и проверете дали постои сигурна комуникација со веб сајтот – почетокот од полето каде се внесува адресата на веб сајтот треба да започнува со https)
- Инсталирајте и одржувајте антивирус софтвер, огнен зид, е-меил филтри за ограничување на непожелни е-меил пораки и сигурносни додатоци и надградби на оперативниот систем
- Земете ги во предвид антифишинг опциите од вашиот веб прелистувач и е-маил клиентот
- Никогаш не оставајте го вашиот компјутер ненадгледуван додека сте најавени на сервисот за електронско банкарство
- Никогаш не користете ПИН кодови кои можат лесно да бидат погодени како на пример (1111, 1122, 3456,....)
- Не го издавајте ПИН кодот на никого, ни на пријателите и најблиските, а воедно и на вработените во Банката

- Не го запишувајте или пак чувајте ПИН кодот заедно со вашите платежни картици.
- Доколку се сомневате дека некој ви го знае вашиот ПИН код веднаш да го промените и редовно променувајте го на одредено време
- Да не симнувате и инсталирате од Интернет пиратски софтвер или програми кои се од сомнителен извор
- Никогаш не отворајте датотеки кои се пратени по е-меил порака доколку не сте сигурни за изворот на е-меил поракатa која што сте ја добиле
- Кога користите јавни компјутери секогаш избришетеја кеш меморијата од вашиот веб прелистувач
- Препорачуваме да не ја користете опцијата за запамтување на вашите податоци за автентикација (најава) на системот кај веб прелистувачот